Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-563/3
Датум: 30-09-2024

По претставката бр. 08 – 563/1 од 19.08.2024 година, поднесена од [redacted] против политичка партија Беса, за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на национална и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 30.09.2024 години го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

### За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 563/1 од 19.08.2024 година, поднесена од [redacted] против политичка партија Беса, за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на национална или етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 19.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на национална или етничка припадност, од страна на [redacted] против политичка партија Беса.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: **податоци за подносителот (име и презиме, адреса и потпис)**, податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Поднесената претставка не содржи доволно информации за подносителката на претставката, конкретно во истата не е наведена целосна адреса на подносителката. Воедно, претставката не содржи ниту опис на фактичката состојба со податоци за дејството кое се пријавува.

**Од причина што недостасува целосна адреса на подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е во можност да ја задолжи подносителката, согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација да ја доуреди претставката.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 563/1 од 19.08.2024 година поради неуредност.

Скопје
30.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски